...МАКЕДОНИЈА
...ШТИНА ВЕЛЕС
08 - 3226/1
11.06. 2025 год.
ВЕЛЕС

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 124/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 18 и "Службен весник на РСМ" 89/22, 171/22, 03/25), Градоначалникот на Општина Велес, на ден .2025 година донесе

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план - за изградба со намена Е1.8 - Нов 10(20) kV кабелски вод низ КО Новачани и КО Сопот – Општина Велес, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.Македонија бр. 32/20 и 111/23), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, за планскиот документ, нема да има влијание врз животната средина од следните причини:
   - Со правилно планирање, проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност преку својата оперативност и функионалност нема да предизвикува дополнителни и/или зголемени влијанија врз животната средина.
   - Изградбата на водот ќе обезбеди поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овие катастарски општини,
   - Зголемено ниво на функционална и комунална опременост и плански уредување на селските населби, подобрување на локалната инфраструктура и ефикасна комуникациска поврзаност со центрите на повисоко ниво,
   - Создавање на услови за рехабилитација и афирмирање на руралниот начин на живеење преку инфраструктурано екипирање на селските населби и ефикасно сообраќајно и комуникациско поврзување,
   - Донесување на планскиот документ ќе придонесе за зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките во секторот енергетика, подобрени услуги во однос на снабдување со електрична енергија, подобрување на квалитетот на живеењето и зголемување на животниот стандард на населението.
4. Предметната локација за изработка Урбанистичкиот проект е траса која минува низ делови од низ делови од КП бр. 493/8, КП бр.528, КП бр.534, КП бр.535, КП бр. 559, КП бр.561, КП бр.562, КП бр.563/2, КП бр. 563/5, КП бр. 563/6, КП бр.804, КП бр.817, КП бр.818 (КО Новачани) и КП бр.609 (КО Сопот) – Општина Велес е опфатена во рамките на урбаниот опфат на Просторниот План на Република Македонија и за неа се изработени услови за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот - Скопје, Република Македонија со тех бр. Y37624 од октомври 2024 год. со решение бр. УП1-15 1995/2025 од 21.01.2025 год.
5. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Со почит,

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

Изработил: Даниела Петковска
Одобрил: Петре Цилаков

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план - за изградба со намена Е1.8 - Нов 10(20) kV кабелски вод низ КО Новачани и КО Сопот – Општина Велес, |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ДРУШТВО ЗА ИНЖИНЕРИНГ, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОЕМТ И УСЛУГИ МЕХАНОТЕХНИКА УВОЗ-ИЗВОЗ БИТОЛА ДООЕЛ |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Велес |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Љупчо Стојчев, д.и.а. - Овластување бр. 0.022 |
| Назив на работното место | Урбанистички планер |
| Контакт податоци за лицето | ДРУШТВО ЗА ИНЖИНЕРИНГ, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОЕМТ И УСЛУГИ МЕХАНОТЕХНИКА УВОЗ-ИЗВОЗ БИТОЛА ДООЕЛ<br>ул.Браќа Мингови бб, комплекс АВРА, Битола<br>075/462-767<br>075/462-797<br>e-mail: mehanotenika@t-home.mk |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Постапката за изготвување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план - за изградба со намена Е1.8 - Нов 10(20) kV кабелски вод низ КО Новачани и КО Сопот – Општина Велес, е започната по поднесено барање за нов приклучок од ФНЦ Осав, од страна на ЕВН Македонија ДООЕЛ Скопје.Среднонапонскиот кабелски вод е со должина од околу 1955 метри и истиот ќе биде изведен со тип кабел NA2XS(F)2Y 3x1x150 mm2. Трасата се движи низ делови од КП бр. 493/8, КП бр.528, КП бр.534, КП бр.535, КП бр. 559, КП бр.561, КП бр.562, КП бр.563/2, КП бр. 563/5, КП бр. 563/6, КП бр.804, КП бр.817, КП бр.818 (КО Новачани) и КП бр.609 (КО Сопот) – Општина Велес. Урбанистичкиот проект е изработен согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Проектниот опфат е опфатен со Просторен план на Република Македонија (Службен весник на Р.Македонија бр. 39/04) за кои се прибавени Услови за планирање на просторот од страна на Агенција за Планирање на Просторот со бр. Y28924 од Јуни 2024, за кои е издадено решение од МЖСПП Сектор за просторно планирање со бр. УП1-15 1311/2024 од 08.07.2024. | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план се наоѓа на територијата на Општина Велес и предметниот плански опфат досега не бил рзгледуван и опфатен со важечки урбанистички план или друга урбанистичка планска документација.Проектниот опфат на вака предложениот У.П. има површина од 1952.29 м2 или 0,2 ха. Границата на планскиот опфат претставува затворена линија со прекршни точки. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да, енергетика | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Не. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Планскиот документ опфаќа користење на област во која планираниот линиски објект со намена Е1.8 - Нов 10(20) kV кабелски вод минува низ КО Новачани и КО Сопот, Општина Велес. Границите на проектниот опфат за Урбанистички проект | | | |

| |
|---|
| кореспондира со осовните определби на Просторниот план на РМ. Површината на предвидениот опфат изнесува површина од 1952,29 м2 или 0,2хектари. |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Целта на изработката , донесувањето на Урбанистички проект за изградба на електричниот вод ќе придонесе за: зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките во секторот енергетика, подобрени услуги во однос на снабдување со енергија, намалување на потребата од увозот на струја, отварање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеењето и зголемување на животниот стандард на населението. Географската положба и сообраќајната поставеност на локацијата одат во прилог за оформување на планскиот опфат. Со правилно планирање, проектирање и добра анализа на влијанијата , предвидената активност преку својата оперативност и функионалност нема да предизвикува дополнителни и/или зголемени влијанија врз животната средина. Изградбата на водот ќе обезбеди поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овие катастарски општини, зголемено ниво на функционална и комунална опременост и плански уредување на селските населби, подобрување на локалната инфраструктура и ефикасна комуникациска поврзаност со центрите на повисоко ниво, создавање на услови за рехабилитација и афирмирање на руралниот начин на живеење преку инфраструктурано екипирање на селските населби и ефикасно сообраќајно и комуникациско поврзување. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| Во Законот за урбанистичко планирање за урбанистичкиот проект нема одреден период за донесување на планскиот документ. |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| Во Законот за урбанистичко планирање за урбанистичкиот проект нема предвидено ревидирање на планскиот документ. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Почетна точка на предметната траса е постоечки столб (35011010) лоциран на КП бр. 563/5 (КО Новачани) – Општина Велес, од каде кабел се спушта покрај земјен пат во стандарден ров со димензии 0.5x0.8 m и се движи се до ФНЦ во КО Сопот каде прави влез. Среднонапонскиот кабелски вод е со должина од околу 1955 метри и истиот ќе биде изведен со тип кабел NA2XS(F)2Y 3x1x150 mm2. Трасата се движи низ делови од КП бр. 493/8, КП бр.528, КП бр.534, КП бр.535, КП бр. 559, КП бр.561, КП бр.562, КП бр.563/2, КП бр. 563/5, КП бр. 563/6, КП бр.804, КП бр.817, КП бр.818 (КО Новачани) и КП бр.609 (КО Сопот) – Општина Велес. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

## Местоположба на локацијата и ружа на ветрови






Општинска граница

Катастарска граница

Електронски систем за наплатна станица-Y03315

Површински соларни и фотоволтаични електрани-Y17222

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Просторот кој е предмет на разработка на овој Урбанистички проект се наоѓа на терен кој е градежно неизграден. Потенцијални влијанија врз животната средина од изведување и оперативност на планскиот документ може да настанат од :<br>Несоодветно управување со генерираниот отпадот за време на градежна фаза и евентуално во оперативна фаза. Во фаза на работење овие влијанија не се очекуваат единствено при оштетување или од природна непогода при што е потребна нејзина промена , а отпадната опрема која е заменета ќе се предаде на овластен постапувач со ваков вид на оптпад. За време на градежната фаза влијанија се очекувани многу мали од промена на пределот , влијанија од евентуално истекување на моторно масло од механизацијата . Други влијанија не се очекувани.<br>За време на оперативна фаза се очекувани исто така многу мали влијанија врз животната средина, единствено од евентуално создаден отпад при одржување. Со изградбата на кабелскиот вод за пренос на електрична енергија ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на потрошувачите во согласност со принципите на еколошко искористување на ресурсите. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот. При реализација на содржините во планскиот опфат предвидени со планската документација особено во конструктивна фаза ќе се генерираат емисии во воздухот, од градежните активности, од работењето на механизацијата , отпад, бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето и медиумите во животната средина. Времетрањето на влијанијата врз животната средина се оценуваат како можни, локални, краткотрајни со мал интензитет само во фаза на изградба. Во оперативна фаза можни се вијанија од создаден отпад од евентуално настанат дефект на подземен кабел, фотонапонската централа и тие се оценуваат како можни, локални и краткотрајни заради дејноста која ќе се врши. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животната средина , животот и здравјето на луѓето, |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |

| | |
|---|---|
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на пожари, земјотреси и/или други природни непогоди. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Општина Велес е со мошне поволна местополжба во централниот дел на државата.Предемтната локација која се однесува на предметниот опфат ја опфаќа КО Новачани и КО Сопот и генерално општина Велес. Со пописот на населението во КО Новачани е евидентиран 1 жител, а во КО Сопот 12 жители. Вкупно жители во општина Велес во 2021 година се евидентирани 48.463 на површина од 427,45 км2. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Урбанизиацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочен просторен развој на земјава. Иницијативата за поставување на водови за пренос на енергија за нов кебелски вод 10(20) кв ќе предзивика пзотивни импулси и ефекрти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организираност, инфраструктурна опременост, уреденост на просторот , а доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативи и стандарди за заштита на животната средина. Изградбата на водот ќе обезбеди поквалитетна услуги за снабдување со електрична енергија на домаќинствата во овој дел на земјата. Поволната местоположба, поволните микроклиматски услови, добрата диспозиција во однос на сообраќајната поврзаност, одат во прилог на реализација на овој проект, како и овозможување на домаќинствата со квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост . | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Не се очекува. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Од Управа за заштита на културно наследство (арх.бр. 17-958/2 од 04.03.2025 г.) добиени се податоци дека во границите на опфатот не постои културно наследство или добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. Во рамките на проектниот опфат не се евидентирани градби со режим на културно наследство, ниту споменични целини, културни предели и сл.<br>Додека пак согласно Студијата за заштита на природно наследство изработена за потребите на Просторниот план на РМ дел од трасата со намена водови за пренос на ел.енергија КО Новачаини и КО Сопот влегува во природно наследство Таорска |

| | |
|---|---|
| | клисура. Доколку при реализација на проектот се наиде на остатоци , градби , предмети потребно е да се почитуваат одредбите од Законот за културно наследство (Сл.Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).<br>Во однос на природните карактеристики и природни богатство предметниот простор се наоѓа и во подрачјето Катланово -Таор кое е иднетификувано подрачје во Националната Емералд мрежа. Заради тоа при изработка на планската документација да се испита дали истата се наоѓа во подрачје на значајни видови на биодиверзитет и соодветно на добиените податоци да се превземат мнерки за заштита.<br>Доколку при реализација на планот се дојде до нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизиацијата на овој простор потребно е да се превземат соодветни мерки како утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат прогласени и заштитени како природно наследство, забрана за вршење на било какви стопански активности кои не се во согласнот со целите и мерките за заштита утврдени во правниот акти за прогласување на природното добро или Просторниот палн за подрачјето со специјална намена, останата инфраструктура да се води надвор од објектите со природни вредности, ,да се спречи нарушувањето на делови од природата и природната рамнотежа, почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата и итн. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Од предвидените плански содржини не се очекуваат надминувања на стандардите за квалитет на животната средина , ниту пак на граничните вредности.Тие ќе бидат следени од страна на Надлежните органи. Трасата на кабелот се избира така да ги исполнува и оптималните технички и економски услови без да се наруши квалитетот на животната средина. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Земјиштето во проектниот опфат е неизградено земјиште и се наоѓа во (КО Новачани и КО Сопот) - Општина Велес. Во проектниот опфат нема изграден градежен фонд, односно нема изградено физичка супраструктура. |

| | |
|---|---|
| | Почетна точка на предметната траса е постоечки столб (35011010) лоциран на КП бр. 563/5 (КО Новачани) – Општина Велес, од каде кабел се спушта покрај земјен пат во стандарден ров со димензии 0.5x0.8 m и се движи се до ФНЦ во КО Сопот каде прави влез. Ископот на кабелскиот ров треба да се изведе рачно или машински, со внимателно копање. Бидејќи по побарани информации за постоечки инсталации утврдено е дека трасата нема конфликт со други инсталации изведбата може да биде со машинско копање. Ширината на дното на ровот треба да е 0.5 m и длабочина на ровот од 0.8 m на регулирана површина. Затрупувањето на ровот се изведува во слоеви со нивно набивање а површината на ровот треба да се врати во првобитната состојба. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Не се евидентирани. |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Со Урбанистички проект се дефинира намената на земјиштето во планскиот опфат во кој се дефинирани услови за градење во планскиот опфат. Изградба на ново предвидените градби во рамките на површините за таа намена ќе се вршат во согласност со условите за градба и одобрената урбанистичко - техничка документација од надлежниот орган, базирана на законската и подзаконска регулатива во областа на урбанизмот, заштита на животната средина и техничките прописи во градежништвото. Со Урбанистичкиот проект се создаваат услови за развој на локалната економија , даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот претставува значаен извор на приход за локалната самоуправа, зголемување на квалитетот на услугите и сл.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Во блзина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти, истиот е надвор од урбанистички опфат на населбите така шо нема препораки и обврски за организација на јавни функции.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Преку одржливиот развој ќе се создадат услови за планирање на организиран простор за градба кој ќе биде реализиран и ќе претставува нов циклус во развојот на

| |
|---|
| економијата, енергетиката и стопанството , а во исто вреeме ќе придонесе и за заштита на животната средина. Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае преку подобрување на инфраструктурата со правилна и безбедна дистрибуција на електричната енергија и заживување на руралните подрачја, привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата , како и ќе даде допринос во локалната и национланта економија. Со донесување на планот ќе се обезбеди правилна и безбедна дистрибуција на електричната енергијата до корисниците , ќе се обебезбеди повисока организација на просторот, инфраструктурна доопременост и ќе претставува нов циклус во развој на економијата и стопанството, а со негово имплементирање ќе се допринесе за заштита и унапредување на животната средина. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштитата на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа. Не се очекуваат значајни еколошки проблеми единствено од неправилното управување со генерираниот отпад, како и неправилното искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. Пред се, потребно е создавачите на отпад кои се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. Евентуално создадениот отпад кој не може да подлежи на повторно искористување и/или рециклирање од градежна и оперативна фаза треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвикани нарушувања во животната средина. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Планскиот документ е во корелација со Просторен план на РМ, Национален план за управување со отпад 2020-2030, Национална стратегија за економски развој, Национална стратегија за одржлив развој, Втор национален еколошки акционен план на РМ, 4-ти Национален акциски план за енергетска ефикасност (2020-2022), Трет национален план за климатски промени. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е |

| |
|---|
| направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ. Планскиот опфат не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оценка. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Согласно Законот за животна средина(„Службен весник на РМ“ бр. 53/05,......03/25), и Уредбата за определување на критериуми врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оценка на влијание врз животна средина потребно е да се утврди потребата од спроведување на постапка за оцена на влијание врз животната средина. Потребата од оцена на влијание ја донесува Органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина како и Законот за заштитата на природата, правните или физички лица кои вршат дејност или активност кои не спаѓаат во проекти за кои се спроведува постапка за оцена на влијание врз животна средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејноста или активноста врз животната средина пред започнување на спроведување на проектот и истиот да се достави до органот надлежен за негово одобрување . Овој проект спаѓа во Уредбата за за дејности и активности за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина и тоа во Прилог 1, точка V-Енергетика, потточка 5-Електрани кои користат обновливи извори на енергија (сонце, ветар, биомаса, биогас, геотермална и др.) со моќност до 200 MW. |

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник на Општина Велес<br>Марко Колев |
| Датум 11.06.2025<br>Место Велес | М.П. |